АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

1882.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/26), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЧУМА КАЈ МАЛИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА РОМАНИЈА

Член 1

Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на чума кај мали преживари (Peste des Pestitis Ruminants) се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на:

1) живи домашни и диви овци и кози, семе, јајце клетки и ембриони од домашни и диви овци и кози кои потекнуваат од Република Романија и

2) месо од домашни и диви овци и кози, производи од месо од домашни и диви овци и кози, преработки од месо од домашни и диви овци и кози, млеко од домашни и диви овци и кози, производи од млеко од домашни и диви овци и кози, како и нуспроизводи од домашни и диви овци и кози, кои потекнуваат од регионот Муреш/Mureş во Република Романија.

Член 2

По исклучок од член 1 точка 2) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо од домашни и диви овци и кози доколку месото било подложено на еден од следните специфични третмани, и тоа:

- обработка во херметички затворен контејнер до Fo вредност од три или повеќе;
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 70°C што треба да помине низ производот од месо во текот на преработката на месото;
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 80°C што треба да помине низ производот од месо во текот на преработката на месото;
- термичко третирање на производите од месо, во херметички затворени контејнери на температура од најмалку 60°C за период од најмалку 4 часа, што обезбедува постигнување на температура од најмалку 70°C во внатрешноста на производот за периодот од 30 минути и
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 65°C во внатрешноста на производот за периодот што е неопходен за постигнување вредност на пастеризација (pv) еднаква или поголема од 40.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02 – 2241/1
12 јуни 2026 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

1883.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/26), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЧУМА КАЈ МАЛИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на чума кај мали преживари во Република Северна Македонија по потекло од Република Хрватска („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 262/25 и 2/26), во членот 1 точката 2) се менува и гласи:

„месо од домашни и диви овци и кози, производи од месо од домашни и диви овци и кози, преработки од месо од домашни и диви овци и кози, млеко од домашни и диви овци и кози, производи од млеко од домашни и диви овци и кози, како и нуспроизводи од домашни и диви овци и кози, кои потекнуваат од следните региони во Република Хрватска:

- Сплитско - Далматинска жупанија/Splitsko - Dalmatinska županija;
- Задарска жупанија/Zadarska županija и
- Бјеловарско – Билогорска жупанија/Bjelovarska – Bilogorska županija.".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02 – 2242/1
12 јуни 2026 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

1884.

Врз основа на член 63 став (1) алинеја 8 и член 79 став (3) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 294/21 и 101/25), директорот на Агенцијата за заштита на личните податоци донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на надоместоците за организирање и спроведување на обука за заштита на личните податоци за вработените во контролорите, односно обработувачите, како и за офицери за заштита на личните податоци.

Член 2

Висината на надоместоците за спроведување на обука за заштита на личните податоци за вработените во контролорите, односно обработувачите, како и за офицери за заштита на личните податоци се определува во зависност од видот на обуките и модулите за кои се заинтересирани согласно годишната програма за обуки на Агенцијата за заштита на личните податоци, и тоа:

Ред. бр.	Вид на обука	Денари по лице (учесник)
1.	Генерички и специјализирани обуки	6.600,00
	- ако обуката се врши за 3-6 лица	5.900,00
	- ако обуката се врши за 7-10 лица	5.600,00
	- ако обуката се врши за 11-25 лица	5.300,00
	- ако обуката се врши за повеќе од 25 лица	5.000,00
2.	Обука за еден посебен модул	9.000,00
	- ако обуката се врши за 3-6 лица	8.100,00
	- ако обуката се врши за 7-10 лица	7.700,00
	- ако обуката се врши за 11-25 лица	7.200,00
	- ако обуката се врши за повеќе од 25 лица	6.700,00
3.	Посебни обуки по барана програма од контролор или обработувач:	7.400,00
	- ако обуката се врши за 3-6 лица	6.700,00
	- ако обуката се врши за 7-10 лица	6.300,00
	- ако обуката се врши за 11-25 лица	5.900,00
	- ако обуката се врши за повеќе од 25 лица	5.500,00

Попустите од ставот (1) на овој член важат доколку учесниците на обуката се од еден ист контролор или обработувач.

По исклучок од ставот (1) на овој член, за министерствата, другите органи на државната управа, управните организации и другите државни органи кои се целосни буџетски корисници, обуките се вршат без надомест.

Член 3

Надоместоците за вршење на обука се уплатуваат најдоцна до денот на одржувањето на обуката за која контролорот, обработувачот или офицерот за заштита на личните податоци се пријавил, на трезорската сметка на Агенцијата за заштита на личните податоци број 0200660143-631-14.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината на надоместоците за организирање и спроведување на обука за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/25).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-842/1
15 јуни 2026 година
Скопје

Директор,
Накил Фетаи, с.р.

Bazuar në neni 63 paragrafi (1) alineja 8 dhe neni 79 paragrafi (3) të Ligjit për mbrojtjen e të dhënave personale („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 42/20, 294/21 dhe 101/25), drejtori i Agjencisë për Mbrojtjen e të Dhënave Personale solli

V E N D I M
PËR PËRCAKTIMIN E SHUMËS SË KOMPENSIMEVE PËR ORGANIZIMIN DHE REALIZIMIN E TRAJNIMEVE PËR MBROJTJEN E TË DHËNAVE PERSONALE

Neni 1

Me këtë vendim përcaktohet shuma e kompensimeve për organizimin dhe realizimin e trajnimeve për mbrojtjen e të dhënave personale për të punësuarit e kontrolluesve, përkatësisht përpunuesve, si dhe për zyrtarët (oficerët) për mbrojtjen e të dhënave personale.

Neni 2

Shuma e kompensimeve për kryerjen e trajnimeve për mbrojtjen e të dhënave personale për të punësuarit e kontrolluesve, gjegjësisht përpunuesve, si dhe për zyrtarët (oficerët) për mbrojtjen e të dhënave personale përcaktohet në varësi të llojit të trajnimit dhe moduleve për të cilat ata janë të interesuar, sipas programit vjetor të trajnimeve të Agjencisë për Mbrojtjen e të Dhënave Personale, përkatësisht:

Nr. rend.	Lloji i trajnimit	Denarë për person (pjesëmarrës)
1.	Trajnime të përgjithshme dhe të specializuara	6.600,00
	- nëse trajnimi realizohet për 3–6 persona	5.900,00
	- nëse trajnimi realizohet për 7–10 persona	5.600,00
	- nëse trajnimi realizohet për 11–25 persona	5.300,00
	- nëse trajnimi realizohet për më shumë se 25 persona	5.000,00
2.	Trajnim për një modul të veçantë	9.000,00
	- nëse trajnimi realizohet për 3–6 persona	8.100,00
	- nëse trajnimi realizohet për 7–10 persona	7.700,00
	- nëse trajnimi realizohet për 11–25 persona	7.200,00
	- nëse trajnimi realizohet për më shumë se 25 persona	6.700,00
3.	Trajnime të veçanta sipas programit të kërkuar nga kontrolluesi ose përpunuesi:	7.400,00